Акционерско друштво за организирана исхрана угостителство и туризам агенциско работење и трговија "УГОТУР"
Бр. 030
20.02 2017 год.
СКОПЈЕ

**УГОТУР А.Д.-Скопје**
**за организирана исхрана,угостителство и туризам агенциско работење и трговија**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.-31.12.2016Г.

**Јануари 2017**

Во деловната 2016 г., Друштвото во своето работење ги постигна следниве резултати:

## I.Обем на работа

| Вид на услуга | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|
| -организирана исхрана(во порции) | 195619 | 261398 | 133,62 |
| -деловни ручеци и коктели(во ден.) | 117488 | 209193 | 178,05 |
| -кетеринг усл. по нарачки(во ден.) | 282983 | 281730 | 99,55 |
| -др.услуги(закуп на делов. простор,продажба на возило во ден.) | 492511 | 1390116 | 282,25 |

**Преглед на обем на производството**
**(оброци за организирана исхрана)**
**2015 г. и 2016 г.**

| Месеци | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | 13273 | 14746 | 111,09 |
| **Февруари** | 18351 | 12874 | 70,15 |
| **Март** | 19387 | 16282 | 83,98 |
| **Април** | 17999 | 19074 | 105,97 |
| **Мај** | 18673 | 17114 | 91,65 |
| **Јуни** | 17563 | 25324 | 144,18 |
| **Јули** | 16008 | 25073 | 156,62 |
| **Август** | 9891 | 16997 | 171,84 |
| **Септември** | 12306 | 28283 | 229,83 |
| **Октомври** | 17831 | 29833 | 167,3о |
| **Ноември** | 16836 | 27868 | 165,52 |
| **Декември** | 17501 | 27930 | 159,59 |
| **Вкупно** | **195619** | **261398** | |

-Во делот на организирана исхрана во деловната 2016г. обемот на производството во однос на деловната 2015г. е зголемен за 33,62% или 65779 оброци.
Ваквото зголемување се должи од постигнатите позитивни договори со фирмата Европа АД Скопје за користење на наши услуги од месец 06/2016г., фирмата ДС Смит АД Скопје од месец 09/2016г. како и постабилното работење во Макстил АД Скопје споредено со деловната 2015г.
-Во делот на деловните ручеци и коктели исто така бележиме зголемување за 78,05%.
-Во делот на кетеринг услуги имаме намалување од причина што до 06/2016г. во Европа АД Скопје дистрибуиравме кетеринг услуги по нарачка, додека од 06/2016г. се постигна договор за организирана исхрана.
-Во делот на други услуги, закуп на деловен простор бележиме зголемување од причина што во деловната 2016г. постигнат е договор за изнајмување на дел од млечната комора со млекара Ж.Радески Битола, изнајмување на дел од кујна на фирмата Плутомак ДООЕЛ Скопје како и продажба на половно моторно возило.

## II.Финансов ефект

износите се во денари

| Позиција | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|
| -вкупни приходи | 21688741 | 27518696 | 126,88 |
| -вкупни расходи | 25862025 | 26180352 | 101,23 |
| **Остварена бруто добивка(загуба) за финансиска година пред оданочување** | -4173284 | +1338344 | |

Ваквиот финансиски резултат произлегува од:

## 1.Приходи

| Позиција | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|
| -приходи од основна дејност | 19676974 | 24652053 | 125,28 |
| -приходи од давање услуги | 1320000 | 1320000 | 100 |
| -приходи од закупнини | 492511 | 1311896 | 266,36 |
| -приходи од продажба на возило | - | 78220 | - |
| -приходи од отпис на стари обвр. | 20783 | - | - |
| -приходи по судско | 68283 | 1443 | 2,11 |
| -останати приходи | 110190 | 155084 | 140,74 |
| **Вкупно** | **21688741** | **27518696** | |

**2.Расходи**

| Позиција | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|
| -потрошени суровини и матер. | 10562247 | 12196151 | 115,46 |
| -трошоци за вработените | 9929629 | 9483930 | 95,51 |
| -трошоци за технолошки вишок | - | 81616 | - |
| -трош.за замин.во пензија | 86614 | - | - |
| -трош.за смрт на член од сем. | 42806 | - | - |
| -трошоци за превоз | 179760 | 198992 | 110,69 |
| -трошоци за топол оброк | 798510 | 563200 | 70,53 |
| -трошоци за регрес | 263061 | 286915 | 109,06 |
| -трош.за член на одбор на дир. | 534600 | 232232 | 40,44 |
| -трошоци за вода | 75973 | 95672 | 125,92 |
| -трошоци за комун.услуги | 186192 | 186192 | 100 |
| -трошоци за ел.енергија | 440973 | 437824 | 99,28 |
| -трошоци за нафта | 207872 | 170407 | 81,97 |
| -трошоци за бензин | 96577 | 61773 | 63,96 |
| -трошоци за плин | 27875 | 16898 | 60,62 |
| -трош.за ПТТ услуги | 132655 | 128986 | 97,23 |
| -трошоци за интернет | 13932 | 9350 | 67,11 |
| -тр.за одрж.на веб сајт и фиска. каси | 12772 | 8020 | 62,79 |
| -трошоци за ревизија | 178441 | 178642 | 100,12 |
| -трошоци за котација на берза | 75000 | 75000 | 100 |
| -тро.за централен депозитар | 46000 | 48000 | 104,34 |
| -трошоци за нотарски услуги | 10800 | 27152 | 251,4о |
| -трош.за изврш.(суд.такси) | 12040 | - | - |
| -трош. за одржув. софтвер | 112785 | 101970 | 90,41 |
| -трош. за тековно одржување | 141492 | 65934 | 46,59 |
| -трош.за поправка на возила | 103670 | 30301 | 29,22 |
| -трош.за достава на храна | - | 270778 | - |
| -трош.за канцелар.материјал | 48662 | 48596 | 99,86 |
| -трош.за регистр. на возила | 18856 | 8844 | 46,9 |
| -трош.за здравствени услуги | 31350 | 49750 | 158,69 |
| -трошоци за кало,растур,крш | 78719 | 124761 | 158,48 |
| -трошоци за крш во магацин | 26866 | - | - |
| -трошоци за амортизација | 612033 | 609604 | 99,6о |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -трошоци за ситен инвентар | 43405 | 60556 | 139,51 |
| -трошоци за отпис на побарув. | 24456 | - | - |
| -трош.за репрезентација | 233974 | 167388 | 71,54 |
| -трошоци за закупнина | 369053 | - | - |
| -останати трошоци од работ. | 102369 | 154888 | 151,3 |
| **Вкупно** | **25862025** | **26180352** | |

Сакам да истакнам дека  и покрај тоа што деветомесечјето од деловната 2016г. го завршивме со загуба, благодарение на помошта од раководството на Фершпед АД Скопје околу преговорите  за постигнување позитивни договори за користење на наши услуги со фирмата Европа АД и Дс Смит АД деловната 2016г. Друштвото постигна позитивен финансиски ефект(добивка од редовно работење пред оданочување 1.338.344,00 ден.).
Во тек се преговори со Сковин АД Скопје и Фершпед АД-Јавни и царински складишта за користење на наши услуги односно Сковин АД Скопје околу 50 оброци дневно, а Фершпед АД -Јавни и царински складишта околу 100 оброци дневно.
Постигнати и потпишани се договори со продажна цена на оброкот со поголемиот број од наши коминтенти (корисници на наши услуги) е 105,00 денари со вклучен ДДВ, за Европа АД 63,00 денари со вклучен ДДВ и Градинка Црвенкапа 62,00 денари со вклучен ДДВ.
Во оваа прилика тешко може да се постигне зголемувањето на продажната цена на оброкот, во меѓувреме се соочуваме со благ пораст на цените на суровините и материјалите кои ги користиме за подготовка на оброците.
Се ангажираме да ја продолжиме соработката со корисниците на наши услуги,а воедно превземаме мерки во однос на подобрување на квалитетот на нашите услуги за организирана исхрана строго придржувајќи се по предвидените и пропишани нормативи.

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

Управувањето во Уготур А.Д.-Скопје е организирано според едностепен систем на управување,Одбор на директори составен од 5 члена.

НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Во текот на 2016 година извршниот директор во Уготур А.Д.Скопје г-дин Александар Наумоски по основ на плати и надоместоци од плати има остварено нето износ од 767.632,00ден.

Неизвршниот член на Одборот на директори г-ѓа Невена Ристовска по основ на членување во Уготур А.Д.Скопје во 2016 година остварила бруто надомест во износ од 63.333,00 ден. Во текот на 2016 година како вработена во Фершпед А.Д-Скопје со дејност 52,29 Останати придружни дејности во превозот,неизвршниот член г-ѓа Невена Ристовска на име бруто плата и осигурувања остварила 3.549.351,00 ден.
Неизвршниот член на Одборот на директори г-дин Ѓуро Јовановски по основ на членување во Уготур А.Д.Скопје во 2016 год. остватрил надомест во нето износ од 57.000,00 ден.

По основ на членување во одбори на други друштва г-дин Ѓуро Јовановски остварил надомест за членување во надзорен одбор во ОИЛКО КДА,Скопје,во износ од 360.000,00 ден.
Во текот на 2016 год. како вработен во Макпетрол А.Д-Скопје,со дејност 47.30 Трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници, неизвршниот член г-дин Ѓуро Јовановски остварил примања:по основ на плата 147.566,00 ден.и по основ на пензии износ од 519.062,00 ден.

Неизвршниот член на Одборот на директори г-дин Коста Трајаноски по основ на членување во Уготур А.Д.Скопје во 2016 год. остварил надомест во нето износ од 76.000,00 ден.
Во текот на 2016 год. по основ на дополнителни примања остварил нето износ 58.432,00 ден.

Неизвршниот член на Одборот на директори г-дин Драгутин Трповски по основ на членување во Уготур А.Д.Скопје во 2016 год. остварил надомест во нето износ од 57.000,00 ден. По основ на пензии остварил нето износ 276.678,00 ден. по основ на други примања 259,00 ден.

Деловната 2016 г. Друштвото ја заврши со добивка пред оданочување од 1.338.344,00 денари, по оданочување 1.189.401,00 ден.и добивка од тековна година 1.129.931,00 ден.
Салдо на жиро сметката со состојба 31.12.2016 г. изнесува 1.127.485,00 ден., салдо во денарска благајна 891,00 ден.
Побарувања од купувачите 12.226.314,00 ден. и обврски кон добавувачите 5.886.957,00 ден.
Сите обврски кон државата, добавувачите и вработените за деловната 2016 г. се извршуваа тековно.

До колку се остварат планираните активности во деловната 2017 г. сметаме дека ќе има поголем финансиски ефект споредено со 2016г.

**Извршен директор**

**/Бојана Анѓелеска/**